# L2 ЕВРОКОДОВИ

Подготовка

## Еврокодови

Еврокодовите претставуваат комплет на Европски стандарди (EN) за проектирање на градби и други градежни работи и градежни производи.

| | |
|---|---|
| EN 1990 | Еврокод: Основа на конструкциско проектирање |
| EN 1991 | Еврокод 1: Дејствија врз конструкции |
| EN 1992 | Еврокод 2: Проектирање на бетонски конструкции |
| EN 1993 | Еврокод 3: Проектирање на челични конструкции |
| EN 1994 | Еврокод 4: Проектирање на конструкции од мешовит челик и бетон |
| EN 1995 | Еврокод 5: Проектирање на дрвени конструкции |
| EN 1996 | Еврокод 6: Проектирање на ѕидани конструкции |
| EN 1997 | Еврокод 7: Геотехничко проектирање |
| EN 1998 | Еврокод 8: Проектирање на конструкции отпорни на земјотреси |
| EN 1999 | Еврокод 9: Проектирање на алуминиумски конструкции |

*EN Еврокодови*

На еден севкупен начин, Еврокодовите ги опфаќаат основата на проектирањето, дејствијата врз конструкциите, главните градежни материјали, сите главни полиња на конструкциско инженерство и широк опсег на видови на конструкции и производи.

На 11 декември 2003 година, Европската Комисија издаде Препорака (2003/887/ЕЗ) *„за спроведување и употреба на Еврокодовите за градежни работи и конструкциски градежни производи“.*

## Зошто да се спроведат Еврокодовите?

Земјите членки на ЕУ и ЕФТА се согласни дека Еврокодовите служат како документи за насочување за следните цели:

- како средство да се докаже усогласеноста на градбените и градежните работи со Основните барања (ОБ) од Директивата на Советот 89/106/ЕЕЗ за приближување на законите, регулативите и административните одредби на земјите членки за градежните производи, особено ОБ 1 „Механички отпор и стабилност“ и ОБ 2 „Безбедност во случај на пожар“,
- како основа за специфични јавни договори за градежни работи и услуги поврзани со инженерството,
- како рамка за утврдување на усогласени технички спецификации за градежните производи.

Технички, Еврокодовите се најнапредната гарнитура на кодови за конструктивно проектирање во светот.

Тие обезбедуваат методи на проектирање чиј развој е целосно транспарентен и промовира иновации во конструктивното проектирање.

Еврокодовите претставуваат значајни можности за извоз на градежни производи и инженерски услуги и на Европскиот и на светскиот пазар.

Противречните национални стандарди треба да се повлечат до 2010 година.

* Текстот е превод од оригинал летокот L2

## Стратешки пристап

Успешното спроведување на Еврокодовите бара заеднички труд и блиска соработка на заинтересираните страни имено: националните власти, националните тела за стандарди, техничките и професионалните здруженија, академии и градежната индустрија.

Работната програма за спроведување има потреба од стратешки пристап за да се опфатат следните прашања:

- подигнување на свест за важноста на Еврокодовите и на бенефициите кои произлегуваат од нивната употреба,
- политиките на спроведување и улогата на регулаторните власти,
- технички прашања и влијанието врз професионалните истражувачи и академиите,
- пренесување на знаењето од стручњаците за Еврокодовите на можните национални обучувачи,
- навремена достапност на материјал за насочување.

## Временска оска – должности на националните власти и телата за стандарди

Објавувањето на Еврокодовите е завршено во мај 2007 година. Националното спроведување е закажано најдоцна за 2010 година.

Кога еден дел од Еврокодовите е достапен од страна на CEN (датум на достапност), националните власти и националните тела за стандарди треба:

- да го преведат делот од Еврокодовите во службените национални јазици (период за превод – максимум 1 година),
- да ги постават параметрите утврдени на национално ниво, кои треба да се применат на нивната територија (национален период за калибрирање – максимум 2 години),
- да го објават националниот стандард кој го преместува делот од Еврокодовите и националниот анекс,
- да ги прилагодат националните одредби за да може делот од Еврокодовите да се користи на нивна територија,
- да ги повлечат сите противречни национални стандарди најдоцна до март 2010 година,
- да промовираат обука за Еврокодовите.




*Национално спроведување на ЕН Дел за Еврокодовите*

За време на периодот на коегзистенција (максимум 3 години) делот од Еврокодовите се користи паралелно со постоечките национални стандарди.

## Обука за професијата

Со цел да се достигне соодветна примена на Еврокодовите, земјите членки, националните тела и градежната индустрија мора да се подготвени да ги користат.

За да се постигне ова, потребна е сеопфатна програма за обука која вклучува аспекти на продолжен професионален развој.

Во согласност со Документот за насочување L, за обуката на персоналот е одговорна индустријата, во соработка со националните власти и националните тела за стандарди.

## Универзитетско образование

За оние кои почнуваат да работат како дипломирани, проектирањето на Еврокодовите ќе претставува норма и работодавците ќе бараат од новите регрути да ги разбираат најновите пристапи.

Со потврдувањето дека наскоро ќе се префрли барањето од националните стандарди на Еврокодовите, универзитетите и техничките факултети треба да ја прилагодат содржината на нивните предавања за инженерство и проектирање во конструктивно инженерство.

## Материјал за насочување

Со цел да се промовира и олесни спроведувањето на Еврокодовите, материјалот за насочување треба да се рашири на најпрактичен можен начин. Тој материјал треба да вклучува:

- општа цел, лесно разбирливи брошури,
- помош при спроведувањето,
- прирачници за проектанти и упатства,
- основни инструкции со разработени примери,
- документи за потекло на Еврокодовите и на националните анекси,
- обука и софтвер за проектирање.

Насочувањето на надлежните власти и професијата главно се достапни на национално ниво преку:

- образование, преку продолжена професионална обука и во универзитетите,
- интернет,
- информации за процедурите на спроведување,
- софтвер.

## Поддршка од Европската Комисија

Со цел да се зголеми свесноста и да се промовира обуката во однос на Еврокодовите, Европската Комисија поддржува:

- олеснување на регионалните работилници за обука со поддршка на новите земји членки и земји кандидати,
- објавување на материјал за подигање на свеста (брошури, прирачници итн.),
- собирање и класификација на прирачници, помош при проектирање итн.,
- олеснување на развојот на националниот материјал,
- поддршка и олеснување на размената на информации и материјал за насочување помеѓу земјите членки.

Заедничкиот истражен центар, во рамките на административен договор со Главниот директорат за претпријатија и индустрии, ја активира интернет страната на Комисијата за Еврокодовите, која ќе служи како платформа за размена и раширување на материјали за обука и промоција.




http://eurocodes.jrc.ec.europa.eu

Интернет страната нуди информации за Еврокодовите, за европскиот систем на стандардизација и сертификација за градење, како и аспекти за спроведување и употреба, одржување и понатамошен развој на Еврокодовите.

Поважните публикации на Еврокодовите се наведени, многу од кои можат да се преземат. Информациите за конференции поврзани со Еврокодовите, семинари и курсеви за обука редовно се ажурираат.

## За повеќе информации

Документ за насочување L (поврзано со Директивата за градежни производи – 89/106/ЕЕЗ): Спроведување и употреба на Еврокодовите.

| | |
|---|---|
| Еврокодови | http://eurocodes.jrc.ec.europa.eu |
| DG ENTR | http://ec.europa.eu/enterprise/construction |
| CEN | www.cen.eu |